ЗДРУЖЕНИЕ НА СУДИИТЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0101-124
21.04 2020 год.
СКОПЈЕ

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: E pranuar: | 21.04.2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojë: | Вредност: Vlerë: |
| | | | |

До:

Влада на Република Северна Македонија

Кабинетот на Претседателот на Владата Г. Оливер Спасовски

**ПРЕДМЕТ: Барање за измена и дополнување на Уредбата со Законска сила за определување на висината на платата на избраните, именуваните и назначените лица во јавниот сектор за време на вонредна состојба**, Бр.44 -2867/1 од 7 април 2020 година, Службен весник на Република Северна Македонија Бр.97 од 9 април 2020 година.

Со предметната уредба со законска сила се уредува висината на платата на избраните, именуваните и назначените лица во јавниот сектор за време на вонредна состојба, при што се намалува платата на судиите за околу 80% и истата за месеците април и мај ќе изнесува 14.500 денари, што е во висина на минималната плата утврдена за месец декември 2019 година, во Република Северна Македонија.

По објавувањето на предметната Уредба, до Здружението на судиите пристигнаа бројни реакции од страна на судиите кои се процесуирани од Канцеларијата на Здружението на судиите, со барање за реакција до Министерството за правда и Владата на Република Северна Македонија, и покренување на Иницијатива, со која ова Уредба ќе се оспори пред Уставен суд.

Во тој контекс Подружницата Основниот Граѓански суд Скопје при Здружението на судии, поднесе конкретно барање, со предлог Здружението да преземе соодветни мерки и правни механизми пред надлежните органи за заштита на правата на судиите, притоа покажувајќи целосно разбирање во однос на сензитивната состојба во која се наоѓа нашата Држава, во овој момент, а во напорите за најдобро справување со пандемијата, притоа покажувајќи целосна солидарност, која би требало да биде на доброволна основа, но истовремено, остро реагирајќи на присилната интервенција врз нивните лични примање, загарантирани со Устав[1], Законот за плата на суиите (член 2 став 2) и повеќе меѓународни акти и документи[2], како и на компаративните регионални искуства. На пример, Претседателот на Република Албанија, упати повик до сите избрани и именувани лица, меѓу

[1] Член 98 од Уставот на РСМ - Уставот ја гарантира самостојноста и независноста на судската власт.
[2] Препорака Р(94)12 на Комитетот на министри на земјите членки.

кои и до судиите доброволно, да се откажат од дел од платата, за сметка на напороте на Владата во справувањето со Пандемијата.

Не е спорно дека со прогласување на вонредната состојба, Владата на РСМ доби овластувања да носи уредби со законска сила. Но, ваквата позиција не и дава за право, со Уредби да го дерогира уставниот поредок на државата и уставно загарантираната позиција на судската власт, сметаат судиите подносители на иницијативата. Воедно треба да се има предвид дека согласно уставната одредба од член 126 став 1, уредбите со законска сила треба да бида во согласност со Уставот. Дополнително, предметната уредбата со законска сила, претставува директна интервенција во платите на судиите од страна на Владата на РСМ, која не е дозволена со Закон за платите на судиите[3].

Од овие причини судиите сметаат дека наведената Уредба, иако е донесена во вонредна состојба, е спротивна на Уставот и Закон за платите на судиите. Со уредбата се доведува во прашање уставно востановениот систем на поделба на власта, на владеењето на правото и преставува директна интервенција во судската власт, со што се доведува во прашање и уставно загарантираната самостојнот и независност на судството. Исто така се доведуваат во прашање и повеќе загарантирани основни човекови права со ЕКЧП и чл. 1 од Протокол 1. Впрочем независноста на судството ја подразбира и финансиската независност, која ќе биде загрозена со назаконито и непропорционално задирање во платите на судиите. На ова упатува и релевантната практика на Европскиот суд на правдата и Европскиот суд за човекови права.

Ваквата иницијатива е доставена на расправа пред сите подружници на ЗСРМ, притоа најголем дел од нив, ги подржуваат овие активности со предлог Управниот одбор и претседателот на Здружението на судиите, да поднесе Иницијатива, со која ке се цени уставноста на оваа Уредба, со која во основа се загрозува независноста на судската власта како посебна власт, чии избрани судии (од посебно тело), не спаѓаат во групата на избрани лица во јавниот сектор, како што носи наслов оваа Уредба. Со оваа Уредба, се повредуваат начелните определби, истакнати во повеке меѓународни акти и документи и на несоодветен начин, се суспендира загарантираното право на личен доход, согласно Законот за платите на судиите.

Тргнувајки од веке воспоставениот дијалог со Владата на Република Северна Македонија и досега остварената соработка во областа на унапредувањето на независноста и самостојноста на судството, меѓу кои, и унапредувањето на материјалниот статус на судиите[4].

Раководени од загарантираниот правен статус на судската власт, како независна и самостојна власт од една страна, притоа имајки целосно разбирање и загриженост за настанатата состојба со пандемијата од друга, која не засега сите нас, нашите семејства и

[3] Види, Закон за плати на судиите, член 2 став 2.
[4] Исплата на заостанати надоместоци на судиите.

општество, свесни за потребата од партиципација за подобро справување со оваа криза, преку целсно прифакање на принципот на солидарност[5], сметаме дека Оваа уредба, нема ниту правна ниту пак економска оправданост, а со оглед начинот и степенот на зафакањето во платите на судиите, и особено што статусот на судиите ниту правно[6] ниту пак фактички е еквивалентен на статусот на избраните и именуваните лица во јавниот сектор.

Здружението на судиите т.е судиите, сметат дека во конктретниот случај, **покрај начелото на легалитет, повредено е и начелото на пропорционалитет**, факт кој произлегува од степенот на ограничувањето на платите на судиите и легитимната цел, која се сака да се постигне.

Од тие причини, сметаме дека Владата на РСМ, треба да интервенира во оваа уредба, со што ке го повлече делот кој се однесува на избраните судии и јавни обвинители (член 2 став 3 во врска со член 3 од Уредбата), и ке овозможи судиите сами, преку своите органи, Судски совет и Судски буџетски совет, на доброволна основа, промовирајќи го принципот на солидарност, да отстапат дел од своите плати за месец април и мај, во разумен обем, како одговор на повиците на Владата за солидарност и партиципација, на сите граѓани во справувањето со последиците од пандемијата.

Во овој контекст, и покрај, законските гаранции во однос на платите на судиите, во Известувањето до Министерството за правда, доставено на 25 март 2020 година, по електронски пат, Управниот одбор на ЗСРМ, во целост ги подржува активностите на Владата и сите релевантни чинители, во насока на изнаоѓање на функционални решенија, за ублажувања на последиците од пандемијата, притоа изразувајки особена почит и благодарност кон здравствените работници, за нивната пожртвуваност и секојдневно ризикување на нивните животи, за нас и нашите семејства односно сограѓани.

Воедно, Управниот одбор на Здружението на судиите, со ова писмо упатено до Министерката за правда, ги подржа напорите за промовирање на **принципот на солидарност**, во поднесување на товарот на последиците од ваквата состојба, особено на економски и социјалне план, **но сметаше дека овој принцип треба да се надополни со начелото на сразмерност и соодветност.**

Имајки ги предвид ваквите околности, и тешкаата состојба во која се наоѓа Државата во справувањето со овој проблем, од една страна, и индивидуалните прилики на судиите и нивните семејства од друга, Управниот одбор, сметаше дека зафакањето кое се предлага во однос на намалувањето на платата на судиите е преголемо и истото на ги исполнува премисите на начелото на солидарност и сразмерност.

---

[5] Види, Известување до министерство за правда од 24.03.2020 година, доставено до Кабинетот на Министерот за правда по меил.

[6]Види Закон за плати на судиите и Закон за плати на избрани и именувани лица.

Доколку се согледа содржината на ова произнесување, уште во фаза на предлог за донесување на Уредбата, определбата на судиите е јасна:

- Солидарност,
- Законитост,и
- Пропорционалност,во поднесување на товарот на последиците од ваквата состојба, особено на економски и социјалне план,

Тргнувајки од горенаведени аспекти, се надевам дека, ќе наидеме на целосно разбирање од страна на Владата, и со евентуалните Измени и дополнувања на Уредбата ке се постигне фер баланс, помеѓу потребите на јавниот интерес наспроти правото на заштита на индивидуалните фундаментали права[7], во овој случај правото на сопственост[8], кумулативо исполнувајки ги трите услови односно стандарди наметнати од Европскиот суд за човекови права, т.е интервенцијата да биде пропишана со закон, со неа да се оствари легитимна цел во јавен интерес, и интервенцијата да биде разумно пропорционална со целта која треба да се оствари.

Тргнувајки од досегашната соработка со Владата на Република Северна Македонија, се надевам на позитивниот одговор, кој ке ги спречи сиѓе натамошни правни постапки, најавени од страна на судиите пред домашните и меѓународни судови, било да се тие колективни или индивидуални.

**Прилог кон Барањето:**

1. Барање од Основен Граѓански суд Скопје,
2. Доставување на барањето до Подружниците,
3. Произнесување на Подружниците,
4. Одлука на Управен одбор на ЗСРМ,
5. Известување до Министерство за правда.

Скопје, 15 април 2020 година.

ЗСРМ – Управен одбор - Претседател

д-р Џемали Саити – судија на ВСРСМ

---

[7]Види, Проф. д-р Наташа Габер Дамјановска и м-р Велимир Деловски, Вонредна состојба и човековите права загарантирани со Уставот и Европската конвенција за човекови права.Поднаслов: Каква е состојбата со правата загарантирани со Европската конвенција за човекови права во услови на пандемија. ,https://justiceobservers.org/article/74041/63646/187?%20fbclid=IwAR1S7H9MGiv4AOs6_OijWUe3XpL6E1DqcnHNIPVWJj1IQ96LZiOEf3atZY8. Начело на прпопрционалност.

[8]Види, Khoniakina против Грузија Бр.17767.о8 од 19.12.2912 година. Европски суд за човекови права.